Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 103, 3 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент во научна област методика на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 34

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област психологија на образование и воспитување на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 60

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по педагогија на слободно време" за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Педагогија на слободно време" за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Развојна психологија" од проф. д-р Ленче Милошева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за трудот „Феноменот на финансиски кризи и имликациите врз светската економија" од проф. д-р Ристо Фотов, м-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................... 77



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА ТРУДОТ „ФЕНОМЕНОТ НА ФИНАНСИСКИ КРИЗИ И ИМЛИКАЦИИТЕ ВРЗ СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ФОТОВ, М-Р ВЛАТКО ПАЧЕШКОСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

**Значење на предметот кој се обработува во трудот:**

Монографијата е актуелна, инкорпорира богата содржина, теориски е убедливо артикулирана во образложувањата и ставовите, заклучоците и препораките се добро аргументирани и релевантни. Имајќи го предвид тоа, оваа монографија претставува солидна база за конципирање на крупни зафати во институционалните приспособувања и дефинирањето на стратешките определувања на економските политики во изнаоѓањето на насоки и начини за нејзино имплементирање.

Авторите, целокуопно и систематично ги обработуваат детерминантите и факторите на економските кризи, како и нејзините бројни и различни манифестации, со посебен осврт на импликациите од кризата врз светската економија. Во тој поглед, оваа монографија нуди целосна синоптичка слика за светското стопанство и неговите развојни можности и преставува преглед на неговите фундаментални карактеристики. Всушност, студијата содржи покрај богатата емпириска подлога, која е цврсто и доследно изведена во теоретски околности и истовремено таа претставува значаен придонес во научната продукција.

Во монографијата авторите, корените за тековнта економска криза ги гледаат во економскиот систем, земајќи предвид тоа дека многу фактори можат да предизвикаат макроекономски нарушувања, а некои флуктуации во различни сегменти на системот, а и во системот во целина. Тргнувајќи оттука, се потенцираат улогата и значењето на институционалните приспособувања и економските политики во спречувањето на осцилаторните скокови кои можата да го загрозат системот во целина и ублажување на консеквенците (губитоците) кои настануват како резултата на крупни поместувања. Пораката е јасна: системските фактори се најсилни во настанувањето и ширењето на кризата, според тоа најголеми напори за спречување на деструктивните макроекономски флуктуации треба да бидат насочени кон доградба и усовршување на институционалниот систем и на економските политики како облик на управување внатре во системот.

Посебна вредност на оваа монографија прво е идентификувањето на редоследот и приоритетите за стабилизација и спречување на деструктивните импулси, врз основа на кои нестабилноста на системот се појавува и се генерира, како и фината селективност во обработувањето и манифестацијата на глобалната финансиско-економска криза.

**Оригиналноста на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла:**

Трудот претставува, според содржината и начиноит на разработката, дело во кое на оригинален начин се разработува генезата, развојот на последната економска криза и имликациите врз светската економија. Меѓутоа се даваат насоки сугестии и препораки за надминување и спречување на имликациите од актуелната финансиска криза врз светското стопанство.

**Други трудови за ист или сроден предмет со компонирање оценка за квалитетот на трудот:**

Кај нас до сега се презентирани трудови од областа на финансиските кризи, но основите за финансики кризи од кои треба да се стекнат основните знаења, не се разработува на ваков начин. Монографијата претставува научен материјал со висок квалитет кој може да го користи стручната, експертската јавност, студентите и сите кои работат на раководни функции особено во креирањето на макроекономските политики.

**Соодветноста на применетата методологија:**
Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап, индуктуивниот и дедуктивниот метод, метод на квалитативната и квантитативната анализа, методот на компарација и научната проценка.

**Научната заснованост на експликацијата на заклучоците:**
Заклучоците наведени во трудот се резултат на методологијата на научното истражување.

**Стручна композиција на трудот:**
Трудот е систематски и логички подреден во три дела. Во нив се обработуваат: влијанието на светската финансико-економкска криза врз светската економија, помалку развиените земји и врз земјите во развој. И тоа во првиот дел: причините за актуелната финансика криза и начинот на кој таа е генерирана, како и облиците преку кои таа се манифестира. Во вториот сегмент: влијанието и консеквенциите од финансиската криза врз земјите во развој. Тука авторите неминовно ја истакнуваат потребата од неодложна промена на институционалната финансика светска архитектура, пред сè, на ММФ и Светска банка. Во третиот дел, имлементирана е анализа на влијанието на финансиската криза врз Р.Македонија. Таквата анализа е извршена преку согледување на движењето на капитал, инвестиционата позиција на Р. Македонија, приливот и одливот на капитал и конкретно влијаните на кризата врз националната економија на Р. Македонија.

**Претпостатавен интерес на научната и другата јавност за која трудот е наменет:**
Како нов труд, од ваков вид кај нас, истиот ќе предизвика интерес кај сите оние што се занимаваат со проблематиката на меѓународна економија, но не само како литература за изучување, туку и пошироко, особено од корист ќе им биде на оние што работат на разни задачи макроекономската политика.

**Резиме на трудот:**
Во трудот се нагласува и на експлицитен начин се елабориирани генезата причините на актуелната финансика криза и импликациите врз светската економија во целина, истовремено се даваат можности за стекнување пошироки знаења за финансиски кризи кои во одредени моменти ќе им бидат од корист на сите кои ја проучуваат оваа проблематика.

**Други напомени за трудот:**
Трудот ја разработува проблематиката финансиските кризи и тоа основите со што нуди решенија за обезбедување ефикасно и функционално справување со тековната финансиска криза, како и нудење на насоки, сугестии и препораки за соодветни решенија за нивно надминување на кризата и импликациите по светската економија.

**Препорака за печатење:**
Трудот „**Феноменот на финансиски кризи и имликациите врз светската економија**" ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, бидејќи студентите и сите други кои се занимаваат со проучување на меѓународна економија во овој труд ќе најдат одговор на бројни прашања, кои треба да ги изучуваат и со кои се среќаваат при нивното работење. Поради ова, со големо задоволство препорачуваме монографијта да биде објавена како посебно истражување со огромен научен придонес.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тодор Тодоров, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески, с.р.**